**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**СЕКТОР ЗА ПОДДРШКА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

# ГОДИШЕН БИЛТЕН НА ЕУ НОВОСТИ

јануари - декември
2012 година
СКОПЈЕ

**Среда, 4 јануари 2012 година**

## ПРИОРИТЕТИ НА ДАНСКОТО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО СО СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

eu2012.dk
DANISH PRESIDENCY OF THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION 2012

Данското претседателство со Советот на ЕУ во првата половина на 2012 ќе се стреми да спроведе отворено, пристапно и професионално претседателство посветено на постигнување на резултати во рамките на одговорностите на ротирачко претседателство со Советот, уредено со Лисабонскиот договор. Данското претседателство во тесна соработка со Европскиот парламент, Европската комисија, претседателот на Европскиот совет и Високиот претставник за надворешни работи и безбедносна политика, ќе се фокусира на следните главни области со цел да се постигне следното:

- **Одговорна Европа**
  Високо на агендата на Данското претседателство ќе бидат економската и финансиската состојба и евидентната должничка криза во Европа. Одлуките на Европскиот совет од 9 декември 2011, за зајакнување на финансиската дисциплина и обезбедување на економска стабилност, ќе бидат имплементирани во следните месеци. Целта на овие одлуки е во линија со целта на Данското претседателство да обезбеди одговорна Европа. Исто така ќе биде значајна имплементацијата на посилни финансиски регулативи. Преговорите за идната повеќегодишна финансиска рамка по 2013 година, ќе бидат уште една голема задача на Данското претседателство. Позицијата на Претседателство е дека буџетот на ЕУ претставува важен механизам за финансирање на заедничките политики на ЕУ со цел да се обезбеди раст, работни места и конкурентност. Во исто време, буџетот на ЕУ треба да ги поддржи напорите за целокупно буџетско консолидирање во ЕУ и земјите-членки.

- **Динамична Европа**
  Втората цел на Данското претседателство е да се продолжи со развојот на Единствениот пазар за да се постигне во целост потенцијалот за раст. Единствениот пазар во 2012 одбележува 20 години од постоењето. Претседателство има намера да ги унапреди дванаесетте иницијативи поставени со Актот за единствен пазар. Особено внимание ќе се посвети на директивите за јавни набавки, пакетот за стандардизација, ревизијата на сметководствените стандарди, ризичните капитални предлози, Европскиот заеднички систем на патенти и зајакнување на директивите за работни односи. Ефикасни транс-европски инфраструктури се клучни за непречено работење на Единствениот пазар, за мобилноста на лица и добра како и за економијата, социјалната и територијалната кохезија во ЕУ. Оттука, преговорите за поврзување на Европа и ревизијата на секторските насоки ќе бидат значајни прашања како придобивка за добро функционирање на транспортот, енергетиката и ИКТ мрежите низ Европа. Иднината на Рамковната програма за истражување и иновации - Хоризонт 2020, ќе биде уште една област на интерес на Претседателството, со цел зајакнување на истражувањата и иновациите во Европа.

- **Зелена Европа**
  Економскиот раст и заштитата на животната средина може и мора да одат рака под рака. Европската унија се позиционираше како глобален лидер во областа на животната средина, енергетиката и климатските промени, но потребни се дополнителни напори за да се одржи стекнатата предност. Во контекст на актуелните економски потешкотии, новите балансирани мерки поврзани со енергетиката, климатските промени и животната средина може да придонесат за потребниот раст и вработувањата во Европа.
  Со цел да се оствари придонес во исполнувањето на Европската цел за 20% заштеда на енергија до 2020 година, Данското претседателство ќе се фокусира на предлогот на новата директива за енергетска ефикасност, следствено на Европскиот план за енергетска ефикасност од 2011. Данското претседателство ќе се посвети на воспоставување на долгорочна стратегија во енергетиката и климатските промени до 2050 година. Други важни прашања ја вклучуваат енергетската инфраструктура и предлози за воспоставување на механизам за размена на информации од областа на енергетиката, Седмата акциска програма за животна средина и подготовки за Конференцијата на ОН за одржлив развој-РИО+20.

- **Безбедна Европа**
  Европската соработка е клучна со цел справување со прекуграничните предизвици на глобализираниот свет, осигурување на безбедност и исполнување на интересите на граѓаните на Европа. Продолжувањето на имплементацијата на Стокхолмската Програма (2010-2014) ќе биде клучна задача во областа на правдата и внатрешните прашања. Заради подобро управување со миграцијата од трети земји, Данското претседателство ќе продолжи со напорите за финализирање на Заедничкиот Европски систем за азил (CEAS) пред крајот на 2012 година. Претседателство ќе вложи напори за зајакнување на Шенгенскиот систем, меѓу другото и преку безбедносна клаузула во визната регулатива и воспоставување на шенгенска евалуација и механизам за мониторинг.
  Со воспоставувањето на позицијата Висок претставник за надворешни работи и безбедносна политика како и Надворешната Европска акциска служба (EEAS), Лисабонскиот договор ѝ овозможува на ЕУ значајна база за постигнување на зголемено глобално влијание. Намерата на Данското претседателство е да го поддржи Високиот претставник и EEAS во исполнување на задачите од Лисабонскиот договор.
  Во поглед на проширувањето, Данското претседателство ќе продолжи со политиката заснована на заслуги како основа за напредок во преговорите. Европската соседска политика претставува важен инструмент за обезбедување на добри и трајни врски со земјите од соседството на Унијата.

За повеќе информации на официјалната веб-страница на Данското претседателство: http://eu2012.dk/en

**Петок, 13 јануари 2012 година**

## АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ЕЛЕКТРОНСКА ТРГОВИЈА ВО ЕВРОПА ДО 2015 ГОДИНА



Европската комисија на 11 јануари 2012 година го претстави Акциониот план за удвојување на обемот на електронската трговија (е-трговија) во Европа и други онлајн услуги. Развојот на електронската трговија и онлајн услугите нуди огромен потенцијал за корисни економски, социјални и општествени промени. Интернетот и е-трговијата имаат огромен потенцијал за зголемување на растот и создавање на работни места.

Единствениот пазар на Европската унија за електронска трговија се уште не функционира во целост, постојат значителни разлики во правилата, стандардите и практиките кои се применуваат во е-трговијата кај одделни земји-членки на Унијата. Како резултат на ова, компаниите тешко обезбедуваат интернет услуги или остваруваат продажба на стоки преку границите на ЕУ, а граѓаните ја пропуштат можноста да купуваат стоки и услуги преку веб-сајтови со седиште во други земји од Унијата.

Како дел од Дигиталната агенда и Актот за единствен пазар, и како одговор на барањето на Европскиот совет да се поднесе план за исполнување на Единствениот дигитален пазар до 2012 година, Комисијата усвои комуникација во која претстави 16 целни иницијативи насочени кон удвојување на учеството на е-трговијата во малопродажбата (во моментов изнесува 3,4%) и интернет секторот во европскиот БДП (во моментов под 3%) до 2015 година. За да се постигне целта, Комисијата предложи да се преземат мерки кои ќе доведат до значителни подобрувања во повеќе области:

- подобар пристап до различни видови на онлајн услуги за потрошувачите во ЕУ;
- полесен начин за купување и плаќање за онлајн производи;
- поефикасна испорака на производите во Европа;
- поголема транспарентност на компаниите и цените на интернетот како и подобра заштита на потрошувачите;
- подобра заштита против злоупотреби на интернет;
- подобра понуда на брз интернет и подобра комуникациска инфраструктура за повеќе граѓани.

Со Директивата за електронска трговија (2000/31/ЕС) утврдени се правилата за олеснување на пристапот до интернет услугите во ЕУ и се обезбедува дека услугите исполнуваат одредени критериуми. Со овој акт се поставија темелите за прекуграничните онлајн услуги. Во втората половина на 2010 година, Комисијата изврши консултации со заинтересирани страни во однос на функционирањето на Директивата. И покрај бројните технолошки и деловни промени во изминатите десет години од донесувањето на актот, оценката на заинтересираните страни била дека Директивата сеуште претставува цврста и балансирана рамка за развој на е-трговијата.

Комисијата веднаш ќе премине кон следење на мерките од документот и ќе објави Годишен извештај за развојот на електронската трговија во Европа, во кој ќе биде

вклучена и проценка за функционирањето на Директивата за електронска трговија. Паралелно, Комисијата ќе продолжи да го надгледува следењето на Дигиталната Агенда, а во следната година ќе презентира среднорочна евалуација.

За повеќе информации на следниот линк:
http://ec.europa.eu/commission_2010-2014/barnier/headlines/news/2012/01/20120111_en.htm

**Понеделник, 23 јануари 2012 година**
**2012 - ЕВРОПСКА ГОДИНА НА АКТИВНА СТАРОСТ И СОЛИДАРНОСТ МЕЃУ ГЕНЕРАЦИИТЕ**




На 18 и 19 јануари оваа година, во рамките на Данското претседателство со Советот на Европската унија, во Копенхаген се одржа Конференција посветена на Европската година на активна старост и солидарност меѓу генерациите. Во фокусот на конференцијата беа опциите кои активната старост и солидарноста меѓу генерациите ги обезбедуваат за поединецот, како и за општеството во целина, како и дебатите за промените и иновативните решенија. Беа презентирани бројни позитивни примери за тоа како различни европски земји се справуваат со активната старост.

Европејците денес живеат подолго од претходно, но истовремено се и со подобро здравје. Факт е дека Европа се соочува со демографски предизвик, до 2017 година, ќе има помалку млади луѓе кои работат од оние кои ќе бидат пензионери, додека бројот на луѓе со наполнети 65 години е во пораст. Демократскиот развој претставува повеќе од предизвик, тој е единствена можност да се нагласат многуте ресурси и искуството кои го имаат пензионерите.

Активната старост е пресуден фактор за одржување на солидарноста меѓу генерациите во општеството. Постарите граѓани имаат што да им понудат на помладите генерации и обратно. Активната старост и доброто здравје им дава можност на европските пензионери да останат активни на пазарот на трудот во подолг временски период, да играат активна улога во општеството на подолг временски период и да бидат здрави и независни.

Предизвик за политичарите, компаниите и учесниците од јавниот и приватниот сектор е да се обезбедат подобри можности за активната старост за сите возрасни групи - да се живее здрав и самостоен живот, да се биде активен учесник во заедницата вклучително и во пазарот на труд, образовниот систем и граѓанското општество. Целта на Европската година е да се подигне свеста, да се зголеми вниманието кон овие предизвици како и можностите кои следат, но и да се охрабрат политичарите и засегнатите страни да постават цели и да преземат акции за нивно исполнување. Во 2012 година, покрај дебатите, се очекуваат и видливи резултати.

Повеќе информации на официјалната веб-страница:
http://europa.eu/ey2012

**Четврток, 9 февруари 2012 година**

## ЕУ ЧЕКОР ПОБЛИЗУ ДО НАЈГОЛЕМАТА СВЕТСКА ПРОГРАМА ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ




Во рамките на Данското претседателство со Советот на Европската унија, од 1 до 3 февруари годинава, во Копенхаген се одржа неформална средба на министрите на ЕУ одговорни за единствен пазар, индустрија и истражување. Министрите во рамките на Советот за конкурентност вообичаено се среќаваат шестпати во годината, а два состаноци се неформални.

Во текот на Данското претседателство со ЕУ, ќе се преговара за реформата на Единствениот пазар, односно актот за единствен пазар, што претставува најголема промена во законодавството од областа во изминатите дваесет години од формирањето на Единствениот пазар.

Во текот на актуелното претседателство, Унијата ќе расправа за предлогот за нова рамковна програма за истражување и иновации „Хоризонт 2020“, која ќе ја замени Седмата рамковна програма, како и за новата стратешка агенда 2014-2020 на Европскиот институт за иновации и технологија (ЕИТ). Главни елементи на програмата „Хоризонт 2020“ се: индустриското лидерство, извонредност и наука и општествените предизвици.

На третиот ден од неформалниот состанок, европските министри одговорни за единствен пазар, индустрија и истражување, разговараа како најдобро да се искористи потенцијалот на единствениот дигитален пазар. Состанокот беше целосно дигитализиран користејќи интерактивни начини на комуникација со крајна цел единствениот дигитален пазар во ЕУ да биде во корист на европските компании и потрошувачи.

**Вторник, 14 февруари 2012 година**

## НОВ СТАТУТ ЗА ЕВРОПСКА ФОНДАЦИЈА



Европската комисија на 8 февруари годинава претстави предлог-регулатива на Советот за статутот на европската фондација, со цел да се олеснат прекуграничните активности на фондациите од јавен интерес и да се олесни нивната поддршка во областа на јавните услуги во Европа. Според согледувањата на Комисијата, многу од фондациите се соочуваат со бројни пречки во случаите кога сакаат да работат надвор од националните граници. Меѓусебните разлики во националното право на земјите-членки честопати ги отежнуваат прекуграничните активности и создаваат повеќе трошоци.

Фондациите спроведуваат низа активности важни за европските граѓани и европската економија во бројни области, како: истражување, образование, здравствени и социјални услуги, култура и заштита на животната средина.

Со новиот статут ќе се формира единствена европска правна рамка - Европска фондација, која во основа ќе биде иста за сите земји-членки, а ќе постои паралелно со домашните фондации. Со статутот ќе се овозможи дополнителна опција за олеснување на работењето на фондациите, но истовремено на земјите-членки ќе им овозможи да направат избор и за опфатот и развојот на нивните национални правни рамки од соодветната област. Со новиот предлог, фондациите ќе имаат правен карактер и легален капацитет во сите земји-членки, а со тоа ќе се олесни нивното работење во Унијата.

Со статутот, покрај унифицирањето на правилата, ќе се обезбеди поголема правна сигурност и ќе се намалат трошоците за работа на фондациите. Граѓаните на ЕУ, благодарение на помалите трошоци, ќе имаат најголема корист, затоа што фондациите ќе може да спроведат повеќе ресурси во активностите за јавни услуги и да ги прошират активностите низ цела Унија. Економиите на земјите-членки ќе имаат полза од тоа што фондовите ќе бидат на располагање во повеќе области. Донаторите кои ќе даваат поддршка на европските фондации ќе имаат исти даночни олеснувања како кога би донирале во фондација во сопствената земја, а донирањето во странски фондации ќе биде поедноставено и со помалку трошоци.

Статутот на европската фондација беше објавен со Актот за единствен пазар (IP/11/469), во кој се истакнува придонесот на фондациите во финансирање на иновативни иницијативи од јавен интерес. Истовремено се повикува и на преземање на акции за надминување на потешкотиите со кои се соочуваат фондациите во ЕУ.

За повеќе информации на следниот линк:
http://ec.europa.eu/internal_market/company/eufoundation/index_en.htm

**Четврток, 16 февруари 2012 година**

## МАКЕДОНИЈА - ЧЛЕНКА НА МЕХАНИЗМОТ ЗА ЦИВИЛНА ЗАШТИТА НА ЕУ




Република Македонија, на 10 февруари годинава, стана 32. земја-членка на Механизмот за цивилна заштита на Европската унија, со што станува дел од заедницата на европски народи кои заеднички работат за подобра превенција, подготвеност и реагирање во случај на катастрофи.

Минатата година беше склучен Меморандум за разбирање меѓу Дирекцијата за заштита и спасување на Република Македонија и надлежната служба за хуманитарна помош и цивилна заштита при Европската комисија.

Со приклучувањето кон Механизмот за цивилна заштита на ЕУ, Република Македонија се поврзува со Европската мрежа за справување со катастрофи со што ќе се овозможи пристап до ресурсите за справување со најразлични природни катастрофи или катастрофи предизвикани од човечки фактор. Европската комисија управува со Механизмот, преку Центарот за мониторинг и информирање.

Механизмот за цивилна заштита на ЕУ, кој е формиран во 2001 година, ја олеснува соработката при одговор на катастрофи помеѓу 32 европски држави (27-те земји членки на ЕУ, како и Хрватска, Македонија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка).

Отсега Република Македонија може да аплицира за финансиска поддршка од ЕУ за помош и да учествува во европските програми за обука и за зајакнување на капацитетите за примена на цивилната заштита. Преку овој Механизам, Република Македонија користеше помош во летото 2007, во справувањето со шумските пожари.

Членките на Механизмот имаат корист преку размена на знаења, најдобри практики и проток на информации, да обезбедат меѓусебна помош при катастрофи, но и да помогнат на други земји низ целиот свет. Придобивки од членството во Механизмот за цивилна заштита се:

- националниот орган одговорен за цивилна заштита се поврзува со Центарот за мониторинг и информации на Европската комисија и со надлежните органи од другите земји членки преку заеднички систем за итна комуникација и информирање;
- соработка со ЕУ и земјите членки на Механизмот, во обезбедување на помошта за цивилна заштита и интервенирање во случај на големи опасности и
- вклученост во подготовката и извршувањето на програмите и проектите од заеднички интерес за земјите членки на Механизмот за цивилна заштита на ЕУ.

За повеќе информации на следниот линк: http://ec.europa.eu/echo/index_en.htm

**Среда, 29 февруари 2012 година**

## ТРГОВСКИОТ ДОГОВОР ЗА БОРБА ПРОТИВ ПИРАТЕРИЈА ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД НА ПРАВДАТА




Европската комисија на 22 февруари оваа година постигна согласност, трговскиот договор за борба против пиратерија - АКТА, да се проследи до Европскиот суд на правдата со цел судот да процени дали на било каков начин договорот е некомпатибилен со основните човекови права и слободи: слободата на изразување, информирање, заштита на личните податоци и правото на интелектуална сопственост.

Последните неколку недели процесот на ратификацијата на договорот АКТА предизвика силни реакции и дебати на социјалните мрежи и низ цела Европа, за слободата на интернетот како и важноста на заштитата на европската интелектуална сопственост за економијата на ЕУ. Реакциите во јавноста се појавија откако Советот во декември минатата година едногласно го усвои договорот и им дозволи на земјите-членки на ЕУ да го потпишат истиот. Европската комисија го предаде договорот на Европскиот парламент за натамошна дебата како и за гласање.

Европската комисија има одговорност пред парламентарните претставници и пошироката јавност да обезбеди точни и детални информации, а највисокит суд во Европа независно толкување на законитоста на договорот.

АКТА претставува меѓународен трговски договор кој ќе им помогне на земјите заедно да работат за поефикасно да се справат со прекршувањето на правата од интелектуална сопственост. За да влезе во сила Договорот, потребно е Европскиот парламент да даде согласност и истиот да се ратификува од сите земји-членки на ЕУ.

Во изјавата дадена од европскиот комесар Де Гухт се наведува дека "Договорот АКТА има за цел подигнување на глобалните стандарди за спроведување на правата на интелектуалната сопственост, кои веќе се содржани во европското право. Со Договорот не се воведуваат нови правила, туку истиот треба да помогне во спроведувањето на она што веќе е регулирано со закон. Договорот нема да предизвика цензурирање или затворање на веб-страници и нема да ја наруши слободата на интернет како и слободата на изразување".

Комитетот за меѓународна трговија на Европскиот парламент денес ќе го одржи првиот состанок, а за утрешниот ден планирана е дебата со академици, експерти, граѓански организации и претставници од ЕУ. Овој комитет ќе биде одговорен да ги проследи препораките до Европскиот парламент.

На 28 февруари годинава до Комитетот за петиции на ЕП доставени се повеќе од 2,4 милиони потписи од граѓани - корисници на интернет, кои искажале загриженост од договорот АКТА.

За повеќе информации на следниот линк:
http://ec.europa.eu/trade/tackling-unfair-trade/acta/index_en.htm

**Четврток, 29 март 2012 година**
**ОДБЕЛЕЖАН СВЕТСКИОТ ДЕН НА ВОДАТА**

На 22 март годинава беше одбележан Светскиот ден на водата. Генералното собрание на ОН, во1993 година го прогласи 22 март за одбележување на Светскиот ден на водата. Оваа година во фокусот е значењето на водата за пиење и застапеноста на одржливо управување на ресурсите на вода за пиење.

На Светскиот форум за води беше потпишана декларација од страна на повеќе од 100 делегации од различни земји. Главните цели на декларацијата се: пристап до чиста вода за пиење и лична хигиена, достапни ресурси на вода за производство на храна и енергија, интегрирање на политиките, соработка и национално и меѓународно финансирање.

Со Декларацијата се предвидува преземање на акции со цел да се избалансира отежнатото снабдување и распределба на водата, справување со недостатокот на вода во време на климатски промени и обезбедување одржливост на водените еко-системи.
Европската комисија ги поддржува истражувањата за одржливоста на водените ресурси преку посебни програми. Преку Седмата рамковна програма (2007-2013) одобрени се околу 90 програми за вода и инвестиции од над 300 милиони евра. Тука се вклучени и истражувања во нанотехнологии за третманот на водата, како и неколку

проекти и активности за подобрување на користењето на водата во земјоделството, производството на храна и биомаса.

На конференцијата беше изразено очекување дека декларацијата ќе биде искористена од страна на сите засегнати страни за да се пренесе порака на Конференцијата Рио+20 која ќе се одржи во јуни годинава. Ова ќе претставува одлична можност водата да се стави на врвот на националните и меѓународните агенди.

Целите на декларацијата се комплементарни со европските политики и во иста насока со целите на Унијата за: вода, зелена економија, имплементацијата на Договорите од Рио, подобрување на управувањето со водите и меѓународната соработка.

И покрај посветеноста на ова прашање во изминатите неколку декади, Европската унија сè уште се соочува со сериозни проблеми со квалитетот и количината на водата.

Декларацијата содржи насоки кои ќе бидат земени во стратешкиот документ за заштита на водените ресурси на Европа, кој ќе ги унапреди препораките за ЕУ политиката за чиста вода кон крајот на годинава. Документот има за цел да ги идентификува моменталните недостатоци, како и идните приоритети, да го зајакне развојот на политиката за вода до 2020 година, користејќи анализи кои ја интегрираат економијата и политиката на климатски промени до 2050 година.

Повеќе информации за Светскиот ден на водата на следниот линк:
http://www.unwater.org/worldwaterday/about.html

**Петок, 30 март 2012 година**
**ЕВРОПСКА КОНФЕРЕНЦИЈА ПОСВЕТЕНА НА СПОРТОТ**



Во рамките на Данското претседателство со Советот на Европската унија, во заедничка организација на Министерството за култура, Националниот олимписки комитет и спортските организации на Данска, Меѓународната спортска и културна асоцијација, на 19 и 20 март во Копенхаген се одржа конференција насловена „Визија за спортот 2012".

На конференцијата учествуваа околу 370 експерти од земји-членки на ЕУ, а целта на организаторите беше да се постави нова агенда - како да се придонесе што повеќе европејци активно да учествуваат во спортот и како да се развива слободна спортска анти-допинг клима.

Од Конференцијата „Визија за спортот 2012", беа испратени пораки кои се однесуваа на следните три области:

1. *Во однос на волонтерство* - се истакнува дека волонтерската работа претставува камен-темелник на спортот, се нагласува потребата за поддршка на волонтерска работа и за отстранување на бариерите, за развивање на економската препознатливост на волонтерството, за промовирање на волонтерството во релевантните национални и меѓународни политики и стратегии за доживотно учење.

2. *Во делот за ефикасна борба против фитнес допингот* се нагласува на потребата за зајакнување на меѓународната координација во борбата против фитнес допинг от преку развивање на партнерства и методи за размена на знаења и најдобри практики меѓу анти-допинг организациите, спортските организации, фитнес индустријата, националните власти и релевантните меѓународни актери; обезбедување на соодветна законска регулатива во борбата против нелегални допинг-супстанции.

3. *Во врска со финансирањето и здравството*, со цел да се реализира огромниот потенцијал на спортот, потребно е да се зајакне улогата на ЕУ и земјите-членки за промоција на "спортот за сите"; поставување на прашањето на политичката агенда на меѓународно, национално и локално ниво; целосно искористување на потенцијалот со цел поактивно учество на граѓаните во спортот заради подобрување на јавното здравје и социјалната инклузија; "спортот за сите" базиран на компетентна доброволна активност се препознава како можност за остварување на важни општествени цели, вклучително и одржлива економија.

Повеќе информации на следниот линк:
http://www.sportvision2012.eu

**Петок, 30 март 2012 година**
**НОВА ЕВРОПСКА АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ГОЛЕМИ ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМИ**



На 25 октомври минатата година од страна на Европскиот парламент и Советот беше усвоена Регулативата 1077/2011 за основање на Европска агенција за оперативно управување на големи информатички системи во областа на слободата, безбедноста и правдата. Агенцијата беше промовирана на 22 март годинава во Талин, Естонија во присуство на европскиот комесар за внатрешни работи, Сесилија Малстром.

Седиштето на агенцијата ќе биде во Талин, додека оперативното управување на големите системи ќе се врши во Стразбур, Франција и Санкт Јохан, Австрија.

Агенцијата треба да стане целосно функционална од декември 2012 година, со што ќе биде одговорна за оперативно управување на три големи информатички системи:

- EURODAC - информатички систем за споредување на оптечатоци од прсти на баратели на азил и илегални имигранти;
- VIS - информатички визен систем кој го поддржува спроведувањето на заедничката визна политика и за обезбедување ефикасна гранична контрола;
- SIS II - Шенген информатички систем од втора генерација, кој има за цел олеснување на размената на информации за лица и предмети помеѓу националните органи за гранична контрола, царина, полиција, визни и судски органи во Шенген зоната. Системот ќе биде оперативен и управуван од Агенцијата од март 2013 година. Во однос на Шенген информатичкиот систем од првата генерација, новиот систем функционално ќе биде подобрен со можност за вклучување и на биометрички податоци.

Основна задача на Агенцијата ќе биде да ги одржува системите во функција 24 часа на ден, седум дена во неделата, како и да обезбеди на континуирана, непрекината размена на податоци помеѓу националните власти.

Агенцијата ќе биде одговорна за усвојување на неопходни мерки за гарантирање на безбедност на системите и податоците, за организирање на обуки за ИТ експерти на системите со кои управува Агенцијата, ќе објавува извештаи и статистики, ќе ги следи истражувањата релевантни за оперативно управување на системите.

Агенцијата е формирана како регулаторно тело, ќе биде раководена од Управен одбор во кој ќе учествува по еден претставник од секоја земја-членка на ЕУ, и два члена од Европската комисија. Во Агенцијата ќе учествуваат и земјите поврзани со имплементацијата, спроведувањето и развојот на Шенген aqcuis и мерките поврзани со EURODAC.

За непречена размена на информации помеѓу националните власти, како и за побезбедна средина, сигурност и соодветната заштита на основните права, информатичките системи треба да бидат во постојана операбилност и технолошки да се надградуваат.

За повеќе информации на следниот линк:
http://ec.europa.eu/home-affairs/news/intro/news_201203_en.htm

**Среда, 4 април 2012 година**

**НОВА ЕВРОПСКА РЕГУЛАТИВА ЗА ПОЕВТИН МЕЃУНАРОДЕН РОАМИНГ**



Во рамките на Данското претседателство со Советот на Европската унија, на крајот на март годинава беше постигнат политички договор за нова регулатива за роамингот во Европската унија. Регулативата треба да обезбеди намалување на цените на мобилната телефонија, текстуалните пораки (SMS) и интернетот во ЕУ како и да обезбеди континуирана заштита на потрошувачите во Унијата против високите цени на роамингот до 2017 година.

Меѓународниот роаминг претставува скапа услуга во споредба со услугите кои потрошувачите ги добиваат во матичната земја. Високата цена на меѓународниот роаминг е предизвикана од недоволна конкуренција во областа. Рокот на важење на постојната регулатива истекува на 01 јули оваа година.

Со новиот договор за роаминг, цената за трансфер на податоци во 2012 година ќе се намали од околу 2.50 евра по MB на помалку од 0,90 евра по MB со вклучен ДДВ. Максималната цена на роамингот во 2014 година треба да биде 0,25 евра по MB. Исто така корисниците ќе имаат можност да се претплатат за користење на услугата за роаминг без да извршат промена на мобилниот број. На подолг рок, ова решение ќе придонесе за создавање на вистинска конкуренција на европскиот пазар за мобилни услуги.

Со регулативата се наметнува ограничување на цените на мобилните оператори кои наплаќаат за повици, текстуални пораки (SMS) и користењето на интернет во ЕУ. Целта на новата регулатива за роаминг е да се обезбеди заштита на потрошувачите кои патуваат надвор од ЕУ и зајакнување на конкуренцијата во областа. За европските потрошувачи и компании ќе се обезбеди значително поевтинување на цените на мобилната телефонија и широкопојасниот интернет при користењето на услугите во другите земји-членки на ЕУ.

Договорот ќе треба да биде одобрен од страна на Европскиот парламент и Советот на министри, при што се очекува новата регулативата да стапи во сила на 30 јуни годинава.

За повеќе информации на следниот линк:
http://eu2012.dk/en/NewsList

**Четврток, 05 април 2012 година**

**ПРЕДЛОГ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЕВРОПСКИ ЦЕНТАР ЗА СПРАВУВАЊЕ СО КОМПЈУТЕРСКИ КРИМИНАЛ**



Интернетот денес претставува интегрален и неопходен дел од општеството и економијата. Со зголемувањето на електронските бизнис трансакции, се зголемуваат и криминалните активности. Околу еден милион луѓе во светот секојдневно се жртви на компјутерски криминал: преку кражба на онлајн идентитет, измами со кредитни картички, компјутерски измами, сексуална експлоатација на деца преку интернет, кражба на веб-сметки, компјутерски напад на јавни или приватни информатички системи. Компјутерскиот криминал е во континуиран пораст, секојдневно околу 600.000 сметки на фејзбук (Facebook) заради хакерски напади има потреба да се затворат. Во Белгија интернет криминалот пораснал од околу 4.000 случаи во 2008 до околу 7.000 случаи во 2010 година, а измамите со банкарски сметки во Велика Британија за перидот 2008 -2009 година пораснале за околу 200%.

Во Европската унија покренати се повеќе иницијативи за борба против компјутерскиот криминал, како што се Директивата 2011/92/ЕУ на Европскиот парламент и Советот за борба против сексуална експлоатација на децата преку интернет и детска порнографија и Предлог-директива за напади врз информатички системи што се фокусира на казни за експлоатација на компјутерски криминални алатки што треба да се донесе оваа година. Главен правен инструмент во борбата против компјутерскиот криминал е Конвенцијата на Советот на Европа од ноември 2001 година позната како Конвенција од Будимпешта.

И покрај превземените иницијативи и мерки, сепак постојат препреки за ефикасна истрага на компјутерскиот криминал и судско гонење на прекршителите на ниво на ЕУ. Ова од аспект на постоење на судски прекугранични ограничувања, недоволни капацитети за размена на разузнавачи информации, технички потешкотии за откривање на сторители на компјутерски криминал, недостиг на обучен кадар и

неконзистентна соработка меѓу други заинтересирани страни одговорни за компјутерска безбедност.

Со цел да се одговори на предизвиците, Европската комисија предложи формирање на Европски центар за справување со компјутерски криминал, како приоритет од Стратегијата за внатрешна безбедност во која е предвидено дека " Европската унија до 2013 година ќе основа Центар за справување со компјутерски криминал, преку кој земјите-членки и институциите на ЕУ ќе можат да изградат оперативен и аналитички капацитет за истраги и соработка со меѓународните партнери".

Европскиот центар за справување со компјутерски криминал ќе ги има следните цели и задачи:

- ќе претставува европски центар (фокусна точка) во кој ќе се собираат сите информации поврзани за компјутерски криминал;
- ќе обезбедува експертизи од областа на компјутерскиот криминал, за поддршка на земјите-членки во градење на капацитетите;
- ќе обезбедува поддршка на земјите-членки во истрагите за компјутерски криминал,
- ќе претставува колективен глас на европските инспектори за компјутерски криминал преку примената на правото и судството.

Европскиот центар за компјутерски криминал треба да биде дел од Еуропол со седиште во Хаг, во рамките на неговите постојни структури. Центарот ќе користи информации од јавниот сектор, индустријата, полицијата и академските институции со цел да им помага на инспекторите за компјутерски криминал, судиите и обвинителите.

Европската комисија ги повикува Советот и Европскиот парламент да дадат поддршка на предлогот за формирање на Центар за справување со компјутерски криминал и ги охрабрува сите релевантни засегнати страни да дадат свој придонес за негов развој.
За повеќе информации на следниот линк:
http://ec.europa.eu/information_society/newsroom

**Среда, 18 април 2012 година**
**СВЕТСКАТА БАЗА НА ПОДАТОЦИ (WIOD) ДОСТАПНА ДО ЈАВНОСТА**

Европската комисија на 16 април 2012 година во Брисел организираше конференција на високо ниво на тема „Конкуреноста, трговијата, животната средина и работните места во Европа". Истиот ден за пошироката јавност беше достапна за користење новата светска база на податоци WIOD (World Input Output Database).

Базата содржи податоци за 27 земји-членки на Европската унија и 13 поголеми земји во светот и го опфаќа периодот од 1995 до 2009 година.

Базата е развиена заради анализа на ефектите од глобализацијата врз различните видови на трговија, притисокот врз животната средина и социо-економскиот развој во повеќето земји во светот.

Проектот за развивање на база на податоци започнал во мај 2009 година и истиот е финансиран преку Седмата Рамковна програма за истражување и развој на Европската комисија, со поддршка на WTO и OECD. Проектот имал за цел да се креира база на податоци која ќе претставува збир на хармонизирана понуда и табели за користење со податоци за меѓународната трговија со стоки и услуги. Податоците на ниво на индустријата заедно со опширните пресметки со индикаторите од областа на животната средина и социо-економските индикатори ќе обезбедуваат пристап до различни видови на модели кои ќе можат да се користат за оценка на политиките насочени кон постигнување на баланс помеѓу растот, животната средина и нееднаквоста во светот.

Користејќи податоци од новата база на податоци, учесниците на конференцијата дискутираа за импликациите на европските политики поврзани со порастот на глобалните вредности и промените во трговијата. Недостатокот од соодветна база на податоци досега претставуваше пречка во разбирањето на импликациите кои влијаат на промената на структурата и начинот на кој се одвива трговијата.Традиционалните статистики од областа на трговијата недоволно овозможуваа информации. Преку новата база на податоци ќе се продлабочат знаењата за причините и ефектите на зголемување на меѓусебната поврзаност на земјите и индустриите, ќе им помогне на креаторите на политиките подобро да одговорат на економско-социјалните предизвици и предизвиците од областа на животната средина.

Светска база на податоци овозможува преглед на движењето на трговијата одделно во секоја земја и индустрија. Базата на податоци била користена за да се изврши пресметка на вработеноста и емисиите на CO2 создадени како резултат на извозот и увозот на светските водечки економии. Исто така и да се изврши анализа за степенот до кој трговијата влијае врз вработеноста и емисиите на CO2.

Повеќе информации на следниот линк:
http://www.wiod.org

**Среда, 18 април 2012 година**
**ЕВРОПСКИ САМИТ ЗА ОДРЖЛИВА ЕНЕРГИЈА**

Европската комисија заедно со Данското претседателство со Советот на Европската унија, на 16 април годинава, во Брисел, организираа Европски самит посветен на „Одржлива енергија за сите". Настанот на едно место донесе високи претставници од Унијата, Обединетите нации, земјите во развој, индустријата и граѓански организации посветени на постигнувањето на одржлива енергија до 2030 година.

Самитот имаше за цел да се мобилизираат напорите на сите засегнати страни заради промовирање на растот во земјите во развој преку пристап до одржлива енергија.

Друго клучно прашање на кое се фокусираа учесниците на Самитот беше промовирање на пристапот на одржлива енергија до жените. Самитот беше значаен и заради подготовките за претстојната Конференција за одржлив развој на ОН (Рио+20) што треба да се одржи во јуни годинава во Бразил.

Европската унија обезбедува голема помош за развојот во светот и игра клучна улога во напорите за справување со енергетската сиромаштија. За да се обезбеди универзален пристап до одржливата енергија има потреба од заедничко дејствување на широката коалиција на учесници од јавниот и приватниот сектор.

Милениумските развојни цели не можат да се постигнат без пристап до енергијата, исто така не може да се промовира и економскот развој. Во светот околу 1,3 милијарди луѓе немаат пристап до електрична енергија, немаат можност за работа, школување или водење на бизнис. Околу 2,7 милијарди луѓе користат дрво, јаглен или животински отпадоци за затоплување на домовите, при што се загрозува здравјето на семејствата кои се изложени на чадот и опасност од задушување.

Од друга страна, индустриските држави се соочуваат со неефикасно користење на енергијата. Генерално во светот, прекумерната зависност на енергија базирана на фосилни горива значително придонесува за глобалното затоплување. Решението за справување со овие предизвици е да се обезбеди подостапна, почиста, поефикасна енергија за сите. Одржливата енергија претставува инвестиција во колективната иднина, обезбедува раст на бизнисите, генерира работни места и овозможува создавање на нови пазари и конкурентни економии.

Ова е причината поради која Генералниот секретар на ОН, Бан Ки Мун ја започна иницијативата позната како „Одржлива енергија за сите", во септември 2011 година.

Повеќе информации на следниве линкови:
http://ec.europa.eu/europeaid/what/energy/sustainable/index_en.htm
http://www.sustainableenergyforall.org/

**Вторник 24 април 2012 година**
**НОВИ МЕРКИ ЗА ЗАЗДРАВУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНОСТА ВО ЕУ**



Во Европската унија во периодот на справување со ефектите од економската криза, создавањето на работни места претставува едно од најголемите прашања кои предизвикуваат загриженост. Според податоците од Еуростат во февруари оваа година, стапката на невработенст во ЕУ се искачила на ниво од 10.8% од вкупната работна сила, односно 24,5 милиони луѓе се невработени.

Европската комисија на 18 април годинава ги повика националните влади на земјите членки за координирано дејствување во креирање на нови работни места, за реформи на пазарот на труд, инвестиции во вештини, политики за вработување и финансирање.

Со цел да одговори на овој предизвик, Европската комисија предложи препораки, со цел на најдобар начин да се зголеми побарувачката на работници и да се помогне на луѓето да најдат работа. Дел од препораките се генерални, а дел се однесуваат конкретно за одредени специфични сектори. Препораките имаат за цел да се обезбедат повеќе обуки и можности за луѓето кои бараат работа, на оние кои имаат работа да им се обезбедат дополнителни вештини и да се обезбеди поддршка на работодавачите за да креираат нови работни места.

Во препораките Европската комисија повикува на следното:

- поттикнување на нови работни места преку поддршка на бизнисите, претприемништвото, самовработени лица;
- одредување на клучни индустрии кои ќе создаваат работни места: зелена економија, секторот за здравствена и социјална заштита, дигитална економија и други;
- користење на постојните ЕУ програми за финансирање на нови работни места;
- развивање на програми за поттикнување на доживотното учење и обезбедување на обука за младите луѓе за унапредување на кариерата;
- реформирање на пазарите на работна сила заради задоволување на потребите во иднина;
- инвестирање во вештини за обука;
- отстранување на пречките при барање на работа во друга земја на ЕУ;
- прецизирање на планови вклучително и базата со податоци за работните места EURES,
- подобрување на координацијата на политиките за вработување во Европа и зголемување на вклученоста на работодавачите и работните групи во креирање на политиките за вработување.

Доколку се имплементираат препораките на Европската комисија ќе придонесат во постигнувањето на една од клучните целите на Стратегијата ЕУ 2020, а тоа е 75% од луѓето на возраст од 20-64 години да се вработат до 2020 година.

**Петок, 18 мај 2012 година**
**УСВОЕН ПАКЕТОТ ЗА ЕВРОПСКАТА СОСЕДСКА ПОЛИТИКА ЗА 2012**



Европската соседска политика на Европската унија беше развиена во 2004 година со цел да се избегне појавата на нови линии на поделба помеѓу проширената Унија и нејзините земји-соседи, како и за да се зајакне стабилноста, безбедноста и благосостојбата.

Европската соседска политика претставува билатерална политика меѓу ЕУ и секоја земја-партнер, проширена со регионални и мултилатерални иницијативи за соработка, како Источното парнерство (воведено во Прага во 2009 година), Унијата на Медитеранот (Евро-медитеранско партнерство реафирмирано во Париз во јули 2008-претходно познато како Процесот од Барселона) и Синергијата Црно море (промовирана во Киев во февруари 2008 година).

Во мај минатата година Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика заедно со Европската комисија поставија нов политички договор за измена на Европската соседска политика, базиран на поголема заедничка одговорност и посветеност на универзалните вредности на човековите права, демократијата и владеењето на правото, како и за вклучување на повисоко ниво на диференцијација. На овој начин ЕУ одговори на Арапската пролет и испрати јасна порака на солидарност и поддршка на народите од Јужниот Медитеран, како и напорите кон источното соседство на ЕУ за поблиско политичкото здружување и подлабока економска интеграција.

Рамката за Европската соседска политика е предложена на 16 блиски соседни земји на ЕУ: Алжир, Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Египет, Грузија, Израел, Јордан, Либан, Либија, Молдавија, Мароко, палестинската територија, Сирија, Тунис и Украина.

Европската унија во текот на 2011 година превзеде конкретни чекови за спроведување на Европската соседска политика,

- во однос на трговијата, завршени се преговорите за сеопфатен договор за слободна трговија со Украина, започнати се преговори за договор со Молдавија, Грузија и Ерменија и добиени се преговарачки насоки со Египет, Тунис, Мароко и Јордан;
- во однос на мобилноста, започнати се партнерски дијалози за миграција, мобилност и безбедност со Мароко и Тунис;
- во областа на соработката, позитивни примери се проширувањето на Енергетската заедница со Украина и Молдова, кое претставува чекор напред за интеграција на соседни држави во внатрешниот пазар на ЕУ.
- во однос на граѓанското општество, воспоставени се партнерста со општествата од соседните земји на ЕУ, што претставува основна компонента на политиката.

Новиот пакет за Европската соседска политика беше усвоен на 15 мај годинава, и истиот претставува доказ за конкретни и значајни чекори за промени на пристапот на ЕУ кон соседите, истовремено и јасна порака за интенцијата на Унијата за зајакнување на поддршката за регионална соработка.

Пакетот се состои од повеќе документи: заедничка комуникација на Европската комисија и Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика, како и извештаи за напредокот во спроведувањето на Европската соседска политика во 2011 година во дванаесет соседски земји со кои е постигнат договор за акциски план. Исто така пакетот содржи и два извештаи за регионалниот напредок и оценка за постигнатиот напредок во минатата година во спроведувањето на Источното партнерство и Партнерството за демократија и взаемен просперитет.

За повеќе информации на следниот линк:
http://ec.europa.eu/world/enp/policy_en.htm

**Понеделник, 21 мај 2012 година**
**ПОДДРШКА ЗА ПОЗЕЛЕНА ЗЕМЈОДЕЛСКА ПОЛИТИКА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА**



Еден од поважните елементи од предложените реформи на Европската комисија во поглед на Заедничката земјоделска политика е озеленувањето (Greening). Предлогот е специфичен од аспект на неговата применливост имајќи ги предвид различните услови што треба да ги исполнат земјите-членки на Унијата.

Комисијата со предлогот препорачува дека 30 проценти од директните плаќања на земјоделците ќе зависат од тоа колку истите ќе ги исполнат барањата за обезбедување на позелено производство во поглед на зајакнување на животната средина, климата и природата.

На состанокот на министрите за земјоделство на Европската унија  што се одржа на 15 мај годинава во рамките на Данското претседателство со Советот на ЕУ, беа изнесени бројни предлози за измени на предлогот на Комисијата:

- проширување на опфатот на „зелено по дефиниција", односно да не се однесува единствено на органско земјоделско земјиште туку и на земјоделско земјиште кое се обработува според одредени сертифицирани планови за животна средина,
- зголемување на прагот на диверсификација на културите од 3 на 10 и/или повеќе хектари,
- приспособување на 7% од условите за обработливо земјиште што треба да се резервира за еколошките средини за да може да се вклучат повеќе од применливите практики од Руралната програма. Исто така условите да бидат повеќе насочени кон регионот, а не кон индивидуалните фарми.

Данското претседателство ќе продолжи да работи на предлогот за озеленување, истиот да се разгледа и дискутира и од страна на релевантни експертски тела. Претседателството има намера на состанокот на Советот на министри што треба да се одржи на 18 јуни годинава, да презентира извештај за напредокот на реформата во Заедничката земјоделска политика.

**Понеделник, 21 мај 2012 година**
**НОВА ДИРЕКТИВА ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПРАВИЛАТА НА БАНКИТЕ**



На состанокот на Советот за економски и финансиски прашања (ECOFIN), што се одржа на 15 мај годинава во Брисел, министрите за економија и финансии на Европската унија постигнаа согласност за зајакнување на правилата за финансискиот сектор преку воведување на нова директива за капитални побарувања.

Со директивата се зајакуваат условите за банките кои во иднина ќе мора да одржуваат поголем и поквалитетен капитал. Директивата е меѓу најважните елементи од одговорот на финансиската криза и за спречување од слични кризи во иднина. Здрав и

добро регулиран банкарски сектор ја зајакува довербата на инвеститорите, потрошувачите и компаниите и претставува важен чекор за креирање на раст и вработеноста како и за излез на Европа од кризата.

Преговорите за оваа директива беа доста сложени бидејќи земјите-членки имаа различни предлози во врска со тоа колку треба да имаат дозволено отстапување од заедничките правила на ЕУ, со воведување на построги услови за банките. Данското претседателството со Унијата постигна балансирано решение со кое е можно отстапување во рамките на одредените граници и со заеднички мониторинг и координација кои се неопходни за заштита на внатрешниот пазар.

Покрај построги правила за капиталот и ликвидноста на банките, директивата содржи и правила за добро корпоративно управување и за зајакување на условите и санкции кои ќе бидат на располагање на земјите-членки во случаи кога одредени банки ќе ги прекршат правилата.

Со овој чекор Европската унија ја превзема водечката улога пред другите големи глобални економии, во согласност со целите на Г-20 за спроведување на базелските стандарди за капитал и ликвидност. Советот сега може да ги започне преговорите со Европскиот парламент, со цел да се постигне конечен договор.

На средбата министрите усвоија и заклучоци по повод извештајот за 2012 година за староење на населението во ЕУ кој покажува значителен пораст на старосната граница во членките на Унијата во однос на корисниците на пензија, здравствена нега и грижа за стари лица.

Исто така беше одржан и годишен дијалог со Хрватска како земја која се очекува да се приклучи на ЕУ на 1 јули 2013 година, и со земјите-кандидати за членство во ЕУ: Република Македонија, Исланд, Црна Гора, Србија и Турција. Во фокусот на дебатата беа претпристапните економски програми на земјите кандидати за периодот 2012-2014 година.

За повеќе информации на следниот линк:
http://eu2012.dk/en/NewsList/Maj/Uge-20/CRD4

**Вторник, 29 мај 2012 година**
**ПОГОЛЕМА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА**



Новата европска агенда за потрошувачите што беше усвоена од Европската комисија на 22 мај годинава, претставува голем чекор напред. На единствениот пазар долго време се гледаше само како на пазар на компаниите, сега потрошувачите се ставени во центарот на вниманието на единствениот пазар.

Законодавството на Европската унија предвидува правила за обезбедување на заштита на потрошувачите при склучување на договори преку компјутер, во продавница, продажба на далечина, како и во прекугранични случаи. Со Директивата за правата на потрошувачите усвоена во минатата година, уште повеќе се зајакнуваат правата на on-

line потрошувачите, не е дозволено наплатување на скриени трошоци како и интернет трошоци, а сите потрошувачи во ЕУ имаат рок од 14 дена да се откажат од договорите склучени преку интернет. Земјите-членки на Унијата имаат рок за имплементација на Директивата, до 2014 година.

Со цел да се одговори на предизвиците, Комисијата предлага да се развие посеопфатен пристап за заштита на потрошувачите. Исто така, со предложената реформа за заштита на личните податоци значајно ќе се зајакне и заштитата на правата на потрошувачите.

Со подобрувањето на системот на заштита ќе се зголеми довербата кај потрошувачите и истовремено ќе помогне за конкуренцијата и економскиот раст. Во следните две години, стратегијата за зајакнување на довербата на потрошувачите и зголемување на растот ќе се насочи кон следното:

- подобрување на безбедноста на потрошувачите преку ефикасни закони и поефективен мониторинг на пазарот,
- зголемување на достапноста на информациите за купувачите,
- напредок во спроведувањето на надоместокот на штета при лоша продажба и
- усогласување на правата на потрошувачите со општествените промени.

Правата на потрошувачите треба да се воведат во ерата на дигитализацијата, особено имајќи во предвид дека на пазарот сè повеќе се појавуваат нови софистицирани производи и услуги.

Стратегијата ќе се фокусира на зајакнување на заштитата на потрошувачите и безбедноста при купување на храна, патување, избор на енергетски добавувач и др. Комисијата веќе предложи 16 мерки за е-трговија и онлајн (on-line)услуги, со цел двојно да ја зголеми продажбата до 2015 година.

**Вторник, 19 јуни 2012 година**

## НЕФОРМАЛЕН ДОГОВОР НА ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА ЗАЕДНИЧКИ ПРИСТАП И СОРАБОТКА НА ДЕЦЕНТРАЛИЗАНИТЕ АГЕНЦИИ НА ЕУ



Во Стразбур на 12 јуни 2012 година, претставници на Европскиот парламент, Советот и Комисијата се согласија за заедничка изјава и заеднички пристап кон децентрализираните агенции на ЕУ. Договорот во голема мера ќе го подобри управувањето и ефикасноста на агенциите и ќе ги направи поефикасни во спроведувањето на политиките на ЕУ. Тоа сега ќе биде официјално потврдено од институциите. Овој заеднички пристап на децентрализирани агенции на ЕУ е резултат на заеднички труд на трите институции на ЕУ.

Во март 2009 година, по Соопштението на Комисијата насловена „Европски агенции: патот напред" започна Меѓуинституционалната работна група (IIWG) со која претседаваше Комисијата, за да разговараат за управување и функционирање на Европските агенции. Во опсегот на работната група спаѓа бројот на клучните прашања, вклучувајќи ја и улогата и позицијата на агенции во институционален пејзаж на ЕУ, создавањето, структурата и функционирање на овие агенции, заедно со финансирање,

буџетски надзор и управување со клучни прашања. Триесет и четири документи беа подготвени за идентификација на постоечката состојба, проблемите, можните решенија и нивна имплементација. По преговорите, Европскиот парламент, Советот и Комисијата постигнаа неформален договор во Стразбур на 12 јуни 2012 година.

Заедничкиот пристап содржи голем број на подобрувања, вклучувајќи: целосна проценка на влијанието пред да се одлучи да се создаде нова агенција, критериуми за избор на седиште и аранжмани за седиштето, редовни целокупни евалуации (на секои пет години) и воведувањето на клаузули за прегледност кои предвидуваат можност за спојување или за затворање на агенции, Ex-ante и ex post евалуација на програми на агенциите и нивните активности, развој на клучните индикатори, повеќегодишно програмирање да се поврзе со повеќегодишното планирање на ресурсите и посилна врска меѓу акциите кои се вршат од страна на агенцијата и човечки и финансиски ресурси, рационализација на структурата на управување и појаснување на надлежностите.

Заедничкиот пристап се однесува 31 децентрализирана агенција, опфаќајки ги сите земји-членки. Активностите на агенциите се различни: некои испорачуваат поддршка во процесот на донесувањето на одлуките на Унијата со здружување на стручноста, некои донесуваат индивидуални одлуки за примена на веке востановени Европски стандарди, а други нудат помош за имплементација на политиките на Заедницата.

Децентрализираните агенции на ЕУ вработуваат повеќе од 5.000 луѓе и добија 737.000.000 € од буџетот на ЕУ во 2011 година. Комисијата ќе предложи план за спроведување на овој договор до крајот на 2012 година, најдоцна, земајќи ги во предвид уникатните карактеристики на секоја агенција.

Повеќе информации на: http://eu2012.dk/en

**Вторник, 26 јуни 2012**
**НОВ ЕНЕРГЕТСКИ ПЛАН ЗА РАЗВОЈ НА ЕУ**



Европската унија е на пат да ја постигне целта за обезбедување 20% од енергијата преку обновливи извори на енергија до 2020 година, како дел од поширoката стратегија за справување со климатските промени. Поради тоа, ЕУ е насочена кон новите предизвици кои ќе следат по 2020 во полето на обновливите извори на енергија.

За да одговори на новите потреби и предизвици, Европската комисија ги разгледува можностите да се намалат трошоците преку покоординиран пристап и развивање нова ЕУ политика по 2020 година.

Трошоците за производство на енергија од обновливи извори би можеле да се намалат со стимулирање на поголема конкуренција во европскиот енергетски пазар. Потребно е да се преиспитаат енергетските даноци, за да може да се зајакнат инвестициите во технологиите кои произведуваат помалку јаглероден диоксид. Истовремено, поддршката за обновливи извори на енергија треба постепено да се намали или укине, за да се поттикне овој сектор да стане конкурентен на долг рок. Националните

програми за поддршка исто така треба да се изменат во насока на намалување на трошоците за производство. Тие треба да бидат поедноставени и усогласени ширум ЕУ, со што ќе се намалат административните трошоци за индустријата.



ЕУ треба да го охрабри производството на соларна енергија и енергија од ветер онаму каде што производството е поевтино, исто како што компаниите тоа го прават за другите продукти и услуги. Тогаш ЕУ земјите ќе можат да купат ветерна или соларна енергија од друга ЕУ земја или надвор од ЕУ за многу пониска цена, отколку да развиваат сопствени обновливи извори.

Комисијата започна процес на развивање политики за периодот после 2020 година, со кои ќе се подобри иновацијата и ќе се намалат трошоците. Со развивање на политики сега ќе се охрабрат индустриите да направат долгорочни инвестиции кои се потребни за обновливите извори на енергија.

На 6-ти јуни 2012 Европската комисија го претстави новиот документ (COM/2012/217) за обновливи извори на енергија, каде се зацртани насоките за периодот после 2020. ЕУ е посветена на намалување на емисиите на јаглероден диоксид до 80-95% под нивото од 1990 година до 2050 година, што е зацртано во документот на Комисијата „Енергетска мапа 2050“ (COM/2011/112).

Повеќе информации на http://ec.europa.eu/energy/renewables/index_en.htm

**Вторник, 26 јуни 2012**
**ПРИОРИТЕТИТЕ НА ЕУ ВО РИО +20: КОНФЕРЕНЦИЈА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ**




Во текот на јуни 2012 година во Рио де Жанеиро се одржа Конференција на Обединетите нации за одржлив развој (Рио+20). Конференцијата даде одлична можност за обновување на политичката заложба за одржлив развој, оценување на напредокот и детектирање на недостатоците при процесот на имплементацијата и соочувањето со новите предизвици. Тоа е остварено преку две испреплетени теми, „зелена економија во контекст на одржлив развој и искоренување на сиромаштијата“ и „институционална рамка за одржлив развој“. За Европската унија Рио +20 е почеток на глобалниот премин кон зелена економија, пат кон остварување на целите на глобалната безбедност на храната и искоренување на сиромаштијата.

ЕУ се надева дека Конференцијата Рио +20 ќе го одбележи почетокот на забрзан, длабок и светски премин кон зелена економија - економија која генерира раст, создава нови работни места и ја искоренува сиромаштијата, преку инвестирање во зачувување на природниот капитал од кој зависи долгорочниот опстанок на нашата планета.

Еден од главните исходи од Рио +20 е „Глобална карта кон зелена економија“ со мерливи резултати и договорени временски рокови. Со ова се обезбедува сите идни политики да се развиваат кохерентно и на начин на кој се трансформира глобалната

економија во одржлив модел на раст, обезбедувајки квалитет на живот за најголем број на луѓе во рамките на еколошките лимити на планетата. Со оглед на фактот што егзистенцијата на две милијарди сиромашни луѓе во светот зависат директно од екосистемите, како што се шумите и сувите пасишта, мерките за решавање на земјиштето и деградацијата на почвата, заедно со ефикасноста на ресурсите, се од витално значење за намалување на сиромаштијата.

Во таа насока, Европската унија се фокусира кон ограничен број области кои имаат најголемо влијание врз процесот на премин кон инклузивна зелена економија како што се одржливата енергија, водата, океаните (морската средина и рибарство), одржливо управување на земјишните екосистеми и ефикасност на ресурсите (вклучувајќи го управувањето со отпад).

Целта на конференцијата Рио +20 е да се обезбеди обновената политичка заложба за одржлив развој, да се процени напредокот до денес и да се лоцираат преостанатите недостатоци во спроведувањето на резултатите од големите самити за одржлив развој.

**Петок, 6 јули 2012 година**

## ПРИОРИТЕТИ НА КИПАРСКОТО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО СО СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Република Кипар од 1 јули годинава го превзеде шестмесечното претседателство со Советот на Европската унија. Кипарското претседателство ќе работи кон Подобра Европа, Унија која е порелевантна за своите граѓани и светот, поефикасна Европа, која придонесува за одржлив раст, социјална кохезија и отворање на работни места преку ефикасни и интегрирани јавни политики, Европска унија која работи врз основа на принципот на нагласување на принципот на солидарност, посветувајќи се на подобра иднина.

Во текот на претседателството, Кипар ќе се занимава со клучните прашања од агендата на ЕУ, како Повеќегодишната финансиска рамка за периодот 2014-2020. Повеќегодишната финансиска рамка е можност за договор за буџетот кој ќе придонесе за раст и одржлив развој, промовирање на ефикасни јавни политики, зголемување на конкурентноста на ЕУ и отворање на нови работни места.

Во работењето Кон подобра Европа, Кипарското претседателство ги постави следниве четири приоритети:

1. Европа, поефикасна и одржлива;
2. Европа на подобри достигнувања и економија базирана на раст;
3. Европа порелевантна за своите граѓани, солидарност и социјална кохезија и
4. Европа во светот, поблиска до соседите

Претседателството тесно ќе соработува со Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика и Службата за надворешни активности на Европа, кои се одговорни за надворешните и безбедносни прашања и обезбедување на кохерентност и континуитет.

За повеќе информации на следниот линк: http://www.cy2012.eu/en/page/home

**Вторник, 17 јули 2012 година**
## РЕФОРМА НА ЗАЕДНИЧКАТА ЗЕМЈОДЕЛСКА ПОЛИТИКА И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

На 10 и 11 јули 2012 година во Европскиот парламент пред Комитетот за земјоделство и рурален развој (AGRI), Комитетот за животна средина, јавно здравство и безбедност на храна (ENVI) и Комитетот за рибарство (PECH), беа презентирани приоритетите на Кипарското претседателство со Советот на Европската унија.

Во контекст на преговорите за реформата на Заедничката земјоделска политика на Унијата, главна цел на претседателството е да се усвои генерален пристап за четири предлог-регулативи, во ноември годинава на Советот за земјоделство и рибарство. Претседателство ќе вложи силни напори со цел да се усвои регулатива за винова лоза и преодната регулатива за директни плаќања да стапи во сила од јануари следната година.

За време на претседателството се очекува Комисијата да предложи значајни измени на законодавството во областа на здравјето на животните, сточарско производство и храна од животинско потекло.

Во однос на рибарството, главната цел на претседателство е да се постигне чекор напред во новата реформа на Заедничката политика за рибарство. Во поглед на прашањата од областа на животната средина, водите и климатските промени, ќе се усвои заклучок на Советот во однос на планот за заштита на европските води, врз основа на документ што ќе биде презентиран во ноември од страна на Комисијата.

За повеќе информации на следните линкови:
http://www.europarl.europa.eu/news/en/pressroom
http://www.cy2012.eu/

**Понеделник, 23 јули 2012 година**
## ПРЕДЛОГ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ЗА ОЛЕСНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦИРАЊЕТО НА МУЗИЧКИТЕ ДЕЛА ВО ЕДИНСТВЕНИОТ ПАЗАР НА УНИЈАТА



Со новите дигитални технологии се отвораат големи можности за авторите, потрошувачите и бизнисите. Зголемената побарувачка за online пристап до културни содржини (книги, музика, филмови) не признава граници и ограничувања.

Европската комисија на 11 јули годинава усвои Предлог на директива за управување со колективните права и мулти-територијално лиценцирање на авторските права на музички дела за онлајн користење во Внатрешниот пазар на Унијата. Целта на новата директива е да се создаде подобра правна рамка за управување со колективните права за носителите на правата: авторите, изведувачите, производителите, како и да се обезбеди подобрување на стандардите, транспарентноста и финансиското управување.

Клучни елементи на предложената директива се следните:

- да се промовира поголема транспарентност, да се подобри управувањето на колективните здруженија преку зајакнување на обврските за известување и контрола на активностите на носителите на правата, како и да се стимулираат иновативни и поквалитетни услуги,
- да се поттикне и да се олесни мулти-територијалното и мулти-репертоарното лиценцирање на правата на авторите на музички дела за online користење.

Со новиот предлог, во праксата ќе се обезбеди подобра заштита на интересите на носителите на правата и зголемување на пристапот до културните содржини за потрошувачите. Со новите правила за подобрување на управувањето со репертоарот, побрза исплата на члновите, годишен извештај за транспарентност и дополнителни информации кои ќе се обезбедуваат директно од носителните на правата и бизнис партнерите, ќе се промени начинот на работа на колективните здруженија во Европа.

Колективните здруженија дејствуваат како посредници помеѓу носителите на правата во музичката индустрија, но исто така и за други уметнички форми (книги, филмови). Во Унијата постојат околу 250 колективни здруженија кои годишно управуваат со приход од околу 6 милијарди евра. Земјите-членки ќе треба да воспостават механизми за решавање на споровите меѓу колективните здруженија и носителите на правата. Подобрените стандарди и процедури треба да обезбедат подобро функционирање на колективните здруженија и зголемување на довербата за нивните активности.

Предложената директива е во насока на дополнување на Единстениот пазар за интелектуална сопственост и е дел од Стратегијата на Европската комисија за интелектуална сопственост за 2011 година.

За повеќе информации на следниов линк:
http://ec.europa.eu/internal_market/top_layer/intellectual-property/index_en.htm

**Вторник, 31 јули 2012 година**
**НОВИ ПРАВИЛА ЗА ПОГОЛЕМА БЕЗБЕДНОСТ НА БИОЦИДИТЕ**



На 17 јули 2012 стапија во сила новите правила за регулирање на понудата и употребата на биоциди со што ќе се даде значаен поттик на напорите за заштита на здравјето на луѓето и животната средина. Со новата Регулатива за биоциди се воведуваат правила за нивно побезбедно користење, се поедноставуваат постапките за добивање на авторизација за пласман на пазарот на Европската унија како и се олеснува нивното движење во рамките на Внатрешниот пазар на Унијата.

Биоцидите се присутни во секојдневниот живот, во средствата за дезинфекција, препаратите против инсекти, спрејови и боите, таблетите за прочистување на водата и многу други производи.

Биоцидите беа предмет на уредување во правото на ЕУ уште од 1998 година, и оттогаш околу илјада производи се опфатени во рамките на Директивата за биоцидни

производи. Со новите одредби ќе се намалат тестирањата врз животни благодарение на барањето за задолжителна размена на податоци, како и за пофлексибилен и интегриран пристап кон тестирањето. Се предвидува користење на специјална информациона платформа (регистер за биоцидни производи) за поднесување на апликации и за донесени решенија за регистрација и за ширење на информации до поширокатa јавност. Обемот на заштитата ќе биде проширен со новото законодавство што ќе се применува и за стоки третирани со биоциди и материјали како што се мебел и пакувања на прехранбени производи.

Главната улога во администрирањето со новата регулативата е доделена на Европската агенција за хемикалии (ЕСНА), во моментот агенцијата обезбедува стручен тим од 100 луѓе кои работат во областа на биоцидите.

Регулативата ќе почне да се применува од 01 септември 2013 година, потоа претпријатијата ќе имаат две можности при барањето за дозвола за пласирање на своите производи на пазарот. При првата опција, што најверојатно ќе се користи од страна на големите компании, ќе треба да поднесат барање до Европската агенција за хемикалии и доколку се утврди дека производот е безбеден, истиот ќе може да се пласира на пазарите на целата територија на ЕУ. Втората можност што веројатно ќе биде поинтересна за малите и средни претпријатија, кои во овој случај ќе треба да поднесат барање до националниот орган за да може производот да го пласираат во својата држава. Доколку во овој случај претпријатијата добијат дозвола, ќе можат да го пуштат производот на пазарот на други земји-членки во согласност со принципот на меѓусебно признавање.

За повеќе информации на следниве линкови:
http://ec.europa.eu/environment/biocides/regulation_2012.htm
http://ec.europa.eu/environment/chemicals/index.htm

**Вторник, 31 јули 2012 година**

## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЕВРОПСКАТА ДИРЕКТИВА ЗА АУДИО-ВИЗУЕЛНИ И МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



Директивата за аудио-визуелни и медиумски услуги (2010/13/ЕУ) обезбедува единствен пазар и правна сигурност за европската телевизиска и аудио-визуелна индустрија преку создавање на еднакви услови за емитување, употреба на аудио-визуелни медиумски услуги преку границите, зачувување на културната разновидност, заштита на децата и на потрошувачите, обезбедување на медиумски плурализам и борба против расна и верска омраза. Директивата се заснова на принципот "земја на потекло" при што добавувачите на аудио-визуелни и медиумски услуги се предмет на прописите само во нивната земја на потекло и не може да бидат предмет на регулирање во земјата на дестинација, освен за многу мал број на случаи кои се утврдени во членот 3 од Директивата.

Земјите-членки на Европската унија постигнаа согласност за имплементација на Директивата 2010/13/ЕУ во националното законодавство од 19 декември 2009 година. На почетокот, во 1989 година беше усвоена Директива позната како "Телевизија без

граници", истата за прв пат беше изменета во 1997 година, а потоа во декември 2007 година беше усвоен еден амандман на Директивата. На 10 март 2010 година, одредбите од оригиналната директива "Телевизија без граници" беа споени со одредбите содржани во изменетите директиви, со цел формирање на кодифицирана верзија која е позната како Директива за аудио-визуелни и медиумски услуги.

Европската комисија во јули годинава достави барање до четири земји-членки: Португалија, Словенија, Финска (во врска со автономниот регион на Аланд) и Обединетото Кралство на Велика Британија (во врска со прекуморската територија Гибралтар), за доставување на информации за спроведувањето на Директивата за аудио-визуелни и медиумски услуги. Комисијата побара од надлежните органи да одговорат во рок од 10 недели. Напорите на Комисијата се со цел да обезбеди дека националното законодавство од областа на медиумите правилно се спроведува во сите земји-членки на Унијата. Барањето за доставување на дополнителни информации до Комисијата не подразбира дека Директивата не се спроведува правилно туку значи дека во оваа фаза Комисијата има одредени нерешени прашања во врска со имплементацијата на Директивата од страна на неколку земји-членки.

Претходно, во март 2011 година Комисијата испрати барања до 16 земји-членки: Белгија, Бугарија, Чешка Република, Данска, Финска, Франција, Грција, Ирска, Италија, Малта, Холандија, Романија, Шпанија, Шведска, Словачка и на Обединетото Кралство на Велика Британија, како и во септември 2011 година до 8 земји-членки: Австрија, Кипар, Естонија, Германија, Унгарија, Латвија, Литванија и Луксембург.

За повеќе информации на следниве линкови:
http://ec.europa.eu/avpolicy/reg/tvwf/index_en.htm
http://ec.europa.eu/information_society/digital-agenda/index_en.htm

**Четврток, 20 септември 2012 година**

## ПРЕДЛОГ ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА ЕДИНСТВЕН МЕХАНИЗАМ ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА БАНКИТЕ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА



Суштинска компонента на европската политика во областа на финансиските услуги е постигнување на интегриран пазар за банките и финансиските конгломерати. За да се избегнат во иднина банкарските кризи, да се обнови довербата во финансискиот систем и да се обезбеди заштита на штедачите, потребно е да се обезбеди поцврста супервизија и интеграција на ниво на Европската унија.

Во време кога банките сè повеќе работат надвор од границите, надзорот над нивните активности е на национално ниво. Заедничкиот паричен промет и ограничената финансиска интеграција ја прави еврозоната особено ранлива на банкарски кризи кои се прелеваат од една во друга земја-членка на Унијата.

Во 2011 година беа поставени три надзорни тела за да ја помогнат координацијата на работата на националните регулатори, како и да се обезбеди конзистентна примена на европските правила.

Европската комисија смета дека е потребна поголема супервизија на ниво на ЕУ. Од оваа причина, Комисијата на 12 септември годинава достави нов предлог (комуникација од Комисијата до Европскиот парламент и до Советот), придружен со два законски предлози: за воспоставување на единствен механизам за супервизија со доделување на конкретни задачи на Европската централна банка во однос на политиките кои се однесуваат на претпазлива супервизија на кредитните институции како и за приспособување на регулативата за формирање на европски банкарски орган.

Со новиот предлог, Европската централна банка добива нови овластувања за следење на работењето на околу 6000 банки во еврозоната - се воведува единствен механизам за супервизија на банките во Унијата. Европската централна банка ќе дава овластување на банките и други кредитни институции и ќе ги следи активностите на финансиските конгломерати. Европската централна банка ќе има можност да побара од банките да преземат корективни мерки. Во меѓувреме, националните тела за супервизија ќе продолжат да ги извршуваат проверките на дневна основа.

Со единствениот правилник за капитални побарувања, стандардизираните шеми за заштита на депозити и новите одредби за наплата на побарувањата, кои беа предложени на почетокот од годинава ќе се заокружи „банкарската унија“. Во јануари 2013 година Европската централна банка ќе го започне процесот, ќе ги надгледува банките кои добиле или побарале финансиска помош од јавниот сектор. Супервизијата на сите банки ќе се извршува од јануари 2014 година.

За повеќе информации на следните линкови:
http://ec.europa.eu/internal_market/bank/index_en.htm
http://ec.europa.eu/news/eu_explained/120917_en.htm

**Понеделник, 24 септември 2012 година**
**ОДБЕЛЕЖАН ЕВРОПСКИОТ ДЕН НА СОРАБОТКА**




За прв пат оваа година во Европската унија се одбележа Европскиот ден на соработката. Во одбележувањето на Европскиот ден на соработка беа организирани околу 200 настани, се приклучија 72 програми за соработка од околу 40 земји од Европа, со што беа прославени постигнувањата на европските региони и земјите кои соработуваат преку границите.

Европскиот комесар за регионална политика, г. Јоханес Хан, во говорот во Европскиот парламент на 18 септември годинава, го потенцираше следното: „Проектите за територијална соработка помагаат за градење на довербата, за поттикнување на заемното разбирање. Тие се камен-темелници за долгорочно партнерство и суштински компоненти на европската интеграција“.

Европската територијална соработка е важна тема за регионалната политика на Европската унија. Регионите и градовите од различни земји-членки на ЕУ се охрабруваат да работат заеднички, да учат едни од други преку заеднички програми, мрежи и проекти.

Во моментот во Европската унија се спроведуваат 93 програми за соработка, повеќето од нив се посветени на прекуграничната соработка, на внатрешните граници на ЕУ, како и програми за земјите-кандидати и потенцијални кандидати за членство во ЕУ.

Од почетокот на 1990 година, околку 30.000 прекугранични проекти добиле инвестиции од Унијата, истите овозможиле големи придобивки за граѓаните во Европа, од создавање на нови работни места за заштита на животната средина до подобрување на услугите во областите на здравствената заштита, транспортот и енергијата.

Европската територијална соработка опфаќа три вида на програми:

- 53 програми за прекугранична соработка и внатрешните граници на ЕУ;
- 13 програми за интернационална соработка кои опфаќаат поголеми региони на соработка (регионот на Балтичкото Море, алпскиот и медитеранскиот регион),
- програма за меѓурегионална соработка (INTERREG IVC) и 3 програми-мрежни системи (Urbact II, INTERACT II и ESPON) кои ги покриваат сите 27 земји-членки на ЕУ.

Во однос на идните предизвици, Европската комисија, Советот и Европскиот парламент ќе продолжат да работат за натамошно подобрување на законодавната рамка за регионалната политика, вклучително и територијалната соработка. Европскиот парламент даде поддршка на предлогот за значајно зголемување на финансирањето на соработката, што претставува јасно препознавање на важноста на додадената вредност на соработката.

За повеќе информации на следните линкови:
http://www.ecday.eu/
http://ec.europa.eu/regional_policy/cooperate/cooperation/index_en.cfm

**Среда, 26 септември, 2012 година**

**ЕВРОБАРОМЕТАР: ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ НАЈДОБРО ЈА ПРЕТСТАВУВА ЕВРОПСКАТА УНИЈА**



Според најновото истражување на Евробарометар, спроведено по барање на Европскиот парламент и координирано од страна на Генералниот директорат за комуникации, граѓаните на Европската унија искажале попозитивно мислење за Унијата во споредба со девет месеци претходно. Истражувањето е спроведено во периодот од 2 до 17 јуни годинава, при што биле опфатени 26.622 жители од сите 27 земји-членки на Европската унија. Резултатите од анкетата беа објавени на 6 септември годинава.

Европскиот парламент редовно побарува истражување на јавното мислење во земјите-членки на ЕУ, со цел парламентот да ја задржи перцепцијата на граѓаните, очекувањата за неговото работење, како и генерално од ЕУ. Истражувањата се исклучително корисни во фазите на подготовка, одлучување и оценка на парламентарното работење.

Со оглед дека во Европската унија се очекуваат избори во 2014 година, истражувањето на Евробарометарот било насочено кон утврдување на познавањето на европските институции од страна на граѓаните на ЕУ, како и нивните очекувања во време на финансиска криза. Околку 1/4 од испитаниците знаеле дека следните избори за Европскиот парламент ќе се одржат за две години.

Според најновото истражување, апсолутното мнозинство од анкетираните смета дека Европскиот парламент е институција која „најдобро ја претставува Европската унија". Истовремено, сметаат дека гласањето за европските избори претставува најдобар начин да се слушне гласот на граѓаните.

Кај луѓето сè уште постои поделеност за тоа дали проблемите се решаваат на ниво на ЕУ, 54% од испитаниците се изјасниле негативно, 42% одговориле потврдно. На создавањето на работните места и борбата против невработеноста се гледа како на врвни приоритети во справувањето со кризата во ЕУ.

Според утврдените наоди од истражувањето, кај мнозинството граѓани на ЕУ се подобрува впечатокот за Унијата. Половина од анкетираните се изјасниле дека членството во ЕУ е „добра работа", додека 40% од Европејците имаат позитивно мислење за Унијата. Споредено со ноември 2011 година, во овој контекст позитивно се изјасниле само 31% од испитаниците. Сепак, мнозинството од анкетираните имаат став дека нивниот глас „не се зема предвид во ЕУ", иако постои значително зголемување на процентот на оние кои мислат дека со нивниот глас може да ја креираат својата иднина во ЕУ.

Кога е во прашање европскиот идентитет, мнозинството од анкетираните верува дека вредностите на демократијата и слободата и единствена валута - еврото, се нејзините главни компоненти. Како и во претходните истражувања, борбата против сиромаштијата и социјалната исклученост се први на листата на приоритети кои граѓаните на ЕУ би сакале да бидат застапувани од Европскиот парламент.

Резултатите од анкетата покажуваат дека Европејците знаат малку за функционирањето на ЕУ и нејзините институции. Европскиот парламент е најпозната институција и најмногу се споменува во анкетата, кај повеќе од 50% од испитаниците, потоа Европската централна банка кај 1/3 и Европската комисија кај 1/4 од испитаниците.

За повеќе информации на следниот линк:
http://www.europarl.europa.eu/news/en/headlines/all-the-news?start=20

**Петок, 28 септември 2012 година**
## НОВА СТРАТЕГИЈА ЗА ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИТЕ И КРЕАТИВНИТЕ СЕКТОРИ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Европската комисија на 26 септември годинава презентираше стратегија за зголемување на растот и на работните места во културните и креативни сектори во Европската унија. Овие два сектори вклучуваат компании и организации активни во повеќе области: архитектура, уметничките вештини, културно наследство, дизајн, фестивали, филм, телевизија, музика, уметници, визуелна уметност, архиви,

библиотеки, публикување и радиа, кои остваруваат помеѓу 3.3% до 4,5% од БДП и вработуваат од 7 до 8,5 милиони луѓе во ЕУ. Како резултат на промените од дигитализацијата и глобализацијата, креативните и културните сектори се соочуваат со големи предизвици. Пристапот до финансиски средства останува најголема пречка за развој на двата сектори.

Целта на новата стратегија е да се зголеми конкурентноста и извозниот потенцијал на двата сектори и да се зголемат придобивките од областите: иновации, ИКТ и др. Комисијата повикува за активности за напредок на креативните и културните сектори, преку развивање на вештини, промоција на нови бизнис модели, пристап до финансии и меѓународните пазари како и подобрување на врските со други сектори.

"Креативна Европа" е нова програма на Европската унија предложена од Европската комисија на 23 ноември 2011 година. За предлог програмата сеуште се водат дискусии во Советот на ЕУ и Европскиот парламент. Со оваа програма ќе се обезбеди заштита и промовирање на културната и јазична разновидност и ќе се зајакне конкурентноста на културните и креативните сектори.

Програмата „Креативна Европа" ќе им овозможи на секторите да ги достигнат потенцијалите и да придонесат за остварување на целите на Европа 2020, за одржлив развој, работни места и социјална кохезија. Со програмата "Креативна Европа" ќе се обезбедат повеќе средства за стекнување на нови вештини и работа преку границите за уметниците и културните работници, за транснационални културни активности во рамките на ЕУ и надвор од неа, ќе се овозможи полесен пристап до приватното финансирање и за развивање на конкурентноста на Европа во областа на културата и филмот. Поддршка ќе добиваат околу 300.000 уметници и културни работници, повеќе од 1000 европски филмови за дистрибуцијата, 2500 кинотеки низ Европа, како и за превод на повеќе од 5500 книги и други литературни дела.

За повеќе информации на следните линкови:
http://ec.europa.eu/culture/creative-europe/index_en.htm
http://ec.europa.eu/culture/news/20120926-boost-growth_en.htm

**Четврток, 04 октомври 2012 година**
**АКТ ЗА ЕДИНСТВЕНИОТ ПАЗАР (II)**



Преку Единствениот европски пазар, граѓаните на Европската унија можат да живеат, да работат и студираат во секоја од земјите-членки на Унијата. Компаниите можат да ги продаваат своите производи и услуги на околу 500 милиони потрошувачи во ЕУ. Можностите што ги нуди Европскиот пазар значат поголем избор и пониски цени за потрошувачите, повеќе можности за бизнисите како и поголем раст и работни места.

Единствениот пазар е главен контрибутор за растот и вработувањата во Европската унија. Во периодот од 1992 до 2008 година, Единствениот пазар креираше околу 2,7 милиони нови работни места и дополнителни 2,13% во БДП. И покрај овие бенефиции, Единствениот пазар сеуште не е комплетиран, истиот треба да одговори на постојаните

промени во светот, социјалниот, демографскиот и технолошкиот развој да бидат вклучени во политиката со цел Единствениот пазар да продолжи да генерира раст, социјална кохезија и работни места.

Исполнувањето на Единствениот пазар е централен елемент на европската агенда за раст за справување со актуелната економска криза. Поради оваа причина Европската комисија на 3 октомври годинава го усвои Актот за Единствен пазар (II), со кој се поставуваат 12 клучни активности за зајакнување на растот, вработеноста и социјалната кохезија. Активностите се концентрирани на четири главни фактори за:

- развој на интегрирани транспортни и енергетски мрежи во Единствениот пазар,
- прекугранична мобилност на граѓаните и бизнисите,
- поддршка на дигиталната економија во ЕУ и
- зајакнување на социјалното претприемништво и кохезија како и на довербата на потрошувачите.

Актот на Единствениот пазар (II) ги следи чекорите од првиот сет на мерки од Актот за Единствениот пазар (I) кој беше претставен од Комисијата на 13 април 2011 година и претставува ново поглавје во процесот за подобро интегриран Единствен пазар.

Оваа година се одбележуваат дваесет години од Единствениот пазар на Унијата. Деновите од 15 до 20 октомври се посветени на одбележување на Европската недела на Единствениот пазар по мотото "Заедно за нов раст".

Во 2013 година Комисијата ќе ги проследи сите клучни законодавни предлози за Актот на Единствениот пазар (II), кои Европскиот парламент и Советот ќе треба да ги усвојат во 2014 година.

За повеќе информации на следниов линк:
http://ec.europa.eu/internal_market/smact/index_en.htm

**Вторник, 09 октомври 2012 година**
**ВТОР ПРЕГЛЕД НА РЕГУЛАТИВАТА ЗА НАНОМАТЕРИЈАЛИ**




Европската комисија на 3 октомври годинава усвои Комуникација за втор преглед на регулативата за наноматеријали во кој се вклучени плановите за подобрување на законодавството на ЕУ од областа на наноматеријалите со цел да се обезбеди нивно безбедно користење.

Вториот преглед на регулативата за наноматеријали претставува надградба на Прегледот на регулативата од 2008 година и одговор на Резолуцијата од 2009 година на Европскиот парламент како и повикот на Советот од 2010 година, за оцена на потребата за развивање специфични мерки за наноматеријалите поврзани со процена на ризиците како и управувањето, информирањето и мониторингот.

Според сознанијата и мислењата на научните и советодавните комитети во ЕУ, наноматеријалите се слични на стандардните хемикалии и супстаниции, а некои од нив

може да бидат токсични. Можните ризици се поврзани со одредени видови на наноматеријали и нивната специфична намена, затоа е потребно да се врши процена на ризикот, за секој случај одделно, со користење на релевантни информации. Во последните години се развиени многу нови апликации поврзани со наноматеријалите, голем број на производи за широка потрошувачка како UV-филтрите кај кремите за заштита од сончевото зрачење, медицински и технички апликации, литиум-јонските батерии, соларните панели и др.

За да се подобри достапноста на информациите за наноматеријалите, Комисијата ќе креира веб-платформа со референци до сите релевантни извори на информации како и на постојните регистри на национално и секторско ниво.

Во моментот, Регулативата (REACH) за регистрација, евалуација, авторизација и ограничување на хемикалиите што е во сила од 01 јуни 2007 година, претставува најдобра можна рамка за управување со ризици од наноматеријали кои се појавуваат како супстанции или смеси. Сепак, Комисијата предвидува промени во дел од анексите на регулативата (REACH).

За повеќе информации на следниот линк:
http://ec.europa.eu/nanotechnology/index_en.html

**Понеделник, 29 октомври 2012 година**

## ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ГИ УСВОИ СТРАТЕШКИТЕ ПРИОРИТЕТИ ЗА 2013 ГОДИНА



Европската комисија на 23 октомври годинава ги утврди своите планови за 2013 година. Во Програмата за работа за 2013 на Европската комисија се поставени клучните приоритети за работењето на Комисијата, вклучително и листа на предлози што ќе треба да се подготват. Во текот на следната година како и првата половина од 2014 година Комисијата ќе треба да предложи околу 50 нови иницијативи.

Излезот од економската криза и да се постигне враќање на Европската унија на патот кон одржлив раст, останува врвен приоритет на Комисијата. Во Програмата на ЕК за работа за 2013 година сумирани се целите на Унијата во седум клучни области, се објаснува како Комисијата ќе се справи со поставените цели: преку преземање на клучни иницијативи, подготовка на нови предлози, обезбедување на ефективна имплементација на реформите заради обезбедување на придобивки за граѓаните.

Клучни области на Програмата за работа на Комисијата се следните:

- подобрување на стабилноста, транспарентноста и заштитата на потрошувачите во финансискиот сектор, врз основа на планот за поблиска економска и монетарна унија;
- зголемување на конкурентноста преку единствениот пазар и индустриската политика, намалување на трошоците за бизнисите во областите на ДДВ и фактурирањето, поттикнување на јавните приватни партнерства во областа на истражувањето;

- поврзување на Европа преку либерализација на енергетските мрежи, зголемување на инвестициите во инфраструктурата на широкопојасниот интернет, модернизација на транспортот и логистика;
- поддршка за невработените, подобрување на јавните служби за вработување и поддршка на социјалната инклузија;
- во областа на енергетиката, ресурсите и животната средина, преку политики за одржлив раст, задоволување на енергетските потреби, одговор на климатските промени, подобрување на квалитетот на воздухот и др.;
- градење на сигурна и безбедна Европа и
- промовирање на европските интереси и вредности на глобално ниво преку нови трговски договори, соработка со соседните држави, продолжување со улогата на ЕУ како светски водечки учесник во помошта за развој.

Програмата за работа за 2013 на Комисијата се усвојува во рамките на новиот циклус постигнат меѓу Европската комисија и Европскиот парламент, со рамковниот договор од 2010 година. Донесувањето на програмата следува по интензивниот структурен дијалог за приоритетите на Унијата, со Европскиот парламент, Комитетот на регионите и Европскиот економски и социјален комитет.

Комисијата ќе соработува со Европскиот парламент, лидерите на ЕУ во Советот, националните парламенти на земјите-членки како и други засегнати страни, за да се постигнат видливи резултати за европските граѓани.

За повеќе информации на следните линкови:
http://ec.europa.eu/atwork/key-documents/index_en.htm
http://ec.europa.eu/news/eu_explained/121024_en.htm

**Четврток, 15 ноември 2012 година**
**ЕСЕНСКА ЕКОНОМСКА ПРОГНОЗА 2012-2014**



Европската комисија на 7 ноември 2012 ја презентираше есенската економска прогноза за еврозоната и генерално за Европската унија, за периодот 2012-2014 година со индикатори за бруто домашниот производ, инфлацијата, вработеноста и јавните финансии. Последиците од финансиската криза продолжуваат да се одразуваат на растот, како и на вработеноста во ЕУ и еврозоната. Силните политички мерки за справување со кризата, како и мерките за подобрување на функционирањето на економската и монетарната Унија, помогнаа да се стабилизира економијата на ЕУ.

За следната година проектиран е постепен раст на БДП на 0,4% во ЕУ и на 0,1% во еврозоната. Во текот на 2014 година се предвидува БДП да се зголеми до 1,6% во ЕУ и 1.4% во еврозоната.

Во однос на фискалниот дефицит, се очекува истиот да се намали на 3,6% од БДП на ЕУ и на 3,3% во еврозоната како резултат на плановите за консолидација иплементирани во текот на годината.

Стапката на невработеноста во 2012 година во земјите-членки на Унијата значително се разликува, од 4,5% во Австрија до 25,1% во Шпанија. До крајот на годинава се очекува невработеноста во ЕУ да го достигне нивото од 10,5% во ЕУ и 11,3% во еврозоната. За следната 2013 година предвидувањата се дека невработеноста ќе биде околу 10,9% на ниво на ЕУ и 11,8% во еврозоната.

За годинава инфлацијата е проценета на 2,7% во ЕУ и 2,5% во еврозоната, а за следната година се предвидува да се намали на 2% на ниво на Унијата и 1,8% во еврозоната.

Повеќе информации на следниов линк:
http://ec.europa.eu/news/economy/121107_en.htm
http://ec.europa.eu/economy_finance/eu/forecasts/2012_autumn_forecast_en.htm

**Вторник, 27 ноември 2012 година**
**ВНАТРЕШЕН ЕНЕРГЕТСКИ ПАЗАР НА ЕУ ДО 2014 ГОДИНА**



Европската комисија на 15 ноември годинава објави соопштение за проценка на состојбите на Внатрешниот пазар на енергија што треба да биде завршен до 2014 година. Преку ефикасен, интерконектиран и транспарентен Внатрешен енергатски пазар, на европските граѓани и компании ќе им се понуди безбедно и одржливо снабдување на енергија со најниски можни цени.

Европската комисија ги повика земјите-членки на Унијата да ги засилат напорите за транспонирање и иплементација на постојните правила на ЕУ за Внатрешен енергетски пазар. Комисијата заедно со земјите-членки ќе работи на поттикнување на потрошувачите и намалувањето на државните интервенции кои ги нарушуваат пазарите.

Со цел да се комплетира Внатрешниот пазар на енергија во Европската унија до 2014 година, Комисијата предвидува неколку мерки:

- *спроведување на законодавството за Внатрешниот пазар и зајакнување на правилата за конкуренција*. Дел од земјите-членки и покрај периодот од 20 месеци сеуште го немаат целосно транспонирано третиот пакет за енергетски пазар (Директивите 2009/72/ЕЗ и 2009/73/ЕЗ);

- *зајакнување на правата на потрошувачите*. Според проценките, потрошувачите во ЕУ би можеле да заштедат околу 13 милијарди евра годишно, доколку се префрлат на најефтина тарифа на електрична енергија. Комисијата ќе обезбеди правата на потрошувачите кои се дел од законодавството на ЕУ, да бидат видливи во националното законодавство и истите соодветно да се почитуваат од сите учесници на пазарот. Исто така ќе биде вклучена можност за потрошувачот да се префрли од еден на друг добаувач на електрична енергија во период од 3 недели без финансиски трошоци;

- *обезбедување на модел на флексибилен пазар*. Некои земји-членки планираат да дадат поддршка на производителите на енергија за одржување на нивните расположиви производствени капацитети. Пред да се воведат т.н. капацитети на механизми, земјите-членки треба да извршат анализа дали постои недостиг на инвестиции во производството и кои се причините за тоа.

Комисијата, исто така, ќе предложи насоки за шемите за поддршка за обновливите извори на енергија кои ќе ја подобрат ефикасноста на Внатрешниот пазар на Унијата.

За повеќе информации на следниов линк:
http://ec.europa.eu/energy/gas_electricity/internal_market_en.htm

**Петок, 7 декември 2012 година**
**РЕФОРМА НА ЕВРОПСКАТА МРЕЖА НА СЛУЖБИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ (EURES)**

Креирањето на работни места е еден од приоритетите на Европската унија. Главна цел до 2020 година е да се достигне стапка на вработеност од 75% за луѓето на возраст од 20 до 64 години, и претставува една од петте клучни елементи на Стратегијата Европа 2020. За многу од невработените лица, решението е во наоѓање на работа од една во друга земја-членка на Унијата. Работните места во ЕУ се достапни, бројот на слободни работни места се зголемил од средината на 2009 година особено во областите кои бележат висок раст: секторите за ИКТ, телекомуникации и зелена економија.

Европската комисија ја воведе Мрежата на јавните служби за вработување EURES со цел подобро да се задоволат потребите на барателите на работа и работодавачите. Од воспоставувањето на мрежата EURES со Одлука на Европската комисија 93/560/EEC за спроведување на регулативата на Советот бр.1612/68 и Одлуката на ЕК 2003/8/ЕС, постигнат е голем напредок. Во моментов EURES покрива околу 40% од достапните работни места во 31 земји од Европа, и содржи онлајн база на податоци со 750.000 биографии.

Со Одлуката на Европската комисија од 26.11.2012 за имплементирање на Регулативата 492/2011 на Европскиот парламент и Советот, EURES ќе се реформира со цел да понуди повеќе работни места преку вклучување и на приватните агенции за вработување акредитирани и надгледувани од страна на националните канцеларии во секоја земја учесник во мрежата. Реформата е во согласност со агендата на ЕУ за нови вештини и работни места, која има за цел обезбедување на пофлексибилен пазар на трудот, креирање на нови работни места, стекнување на работниците со потребните вештини за работа и подобрување на условите за работа. Реформата на EURES треба да биде спроведена до крајот на 2013 година.

Интернет порталот EURES е бесплатен за користење и обезбедува информации на 25 јазици за условите за вработување во сите 27 земји-членки на ЕУ како и Норвешка, Исланд, Лихтенштајн и Швајцарија.

За повеќе информации на следните линкови:
http://ec.europa.eu/eures/home.jsp?lang=en
http://ec.europa.eu/news/employment/121203_en.htm

**Вторник,18 декември 2012**
## АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕВРОПСКИОТ ЗАКОН ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА И КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ

Усогласувањето на правилата за трговските друштва, корпоративното управување, сметководството и ревизијата е од суштинско значење за создавање на Единствен пазар на финансиски услуги и производи. Во оваа област целите се насочени кон обезбедување на подеднаква заштита на акционерите и другите засегнати страни во компаниите, слободно основање на компании во ЕУ, зајакнување на ефикасноста и конкурентноста на бизнисите и промовирање на прекугранична соработка меѓу компаниите во различни земји-членки на Унијата.

Европската комисија на 12 декември годинава усвои акциски план кој вклучува идни иницијативи во областа на законодавството за трговските друштва и корпоративното управување. Европскиот закон за трговски друштва и корпоративно управување треба да обезбеди конкурентност и одржливост на претпријатијата. Извршената анализа на состојбите во изминатите две години како и консултациите спроведени од Европската комисија покажуваат дека може да се направат натамошни подобрувања на законската рамка. Од страна на Комисијата се идентификувани неколку насоки на дејствување кои се од фундаментално значење за донесување на модерна законска регулатива за одржливи и конкурентни компании.

Клучни елементи на акцискиот план се: зголемување на нивото на транспарентност помеѓу компаниите и нивните акционери со цел да се подобри корпоративното управување и иницијативи за поддршка на европските претпријатија и поттикнување на нивниот раст и конкурентност. Акцискиот план предвидува спојување на сите поголеми директиви за трговските друштва во единствен инструмент. На овој начин европскиот Закон за трговски друштва ќе биде подостапен и поразбирлив со што ќе се намалат ризиците од недоследности.

Во Стратегијата „Европа 2020", меѓудругото се повикува и на подобрување на деловното опкружување во Европа, законот за трговски друштва и правилата за за корпоративно управување на компаниите, инвеститорите и вработените мора да бидат прилагодени на потребите на општеството и промените во економската средина.

За повеќе информации на следниот линк:
http://ec.europa.eu/internal_market/company/modern/index_en.htm

**Вторник, 25 декември 2012 година**
## НОВИ НАСОКИ ЗА ШИРОКОПОЈАСЕН ИНТЕРНЕТ



Европската комисија на 19 декември годинава усвои нови ревидирани насоки за примена на европските правила за државна помош во секторот за широкопојасен интернет. Новите насоки се со цел да им се помогне на земјите-членки да ги постигнат целите од Дигиталната агенда на Европската унија, и истите се дел од иницијативата на Европската комисија, за модернизација на државната помош.

Ревизијата на насоките се случува после три години од нивната примена во 2009 година, при што се земени предвид коментарите и препораките од засегнатите страни особено за зајакнување на обврските за отворен пристап и подобрување на правилата за транспарентност.

Промените се резултат на одржаните јавни консултации и интензивен дијалог со сите засегнати страни: земјите-членки на ЕУ, регулаторите на националните телекоми, надлежните органи за доделување на државна помош, телекомуникациски оператори, бизнис асоцијации, здруженија на потрошувачи и граѓаните.

Во фокусот се следните принципи и приоритети за:

- технолошка неутралност: супер-брзите мрежи може да се базираат на различни технолошки платформи;
- ултра-брзи широкопојасни интернет мрежи во насока на постигнување на целите на Дигиталната агенда на ЕУ;
- чекор кон поврзувањето: за заштита на приватните инвеститори секоја јавна инвестиција мора да го исполни т.н."чекор на промена", да обезбеди значително подобрување на постојните мрежи;
- зајакнување на отворениот  пристап- отворена мрежа каде што конкуренцијата е обезбедена;
- транспарентност: нови одредби во врска со објавување на документи, централизирана база на податоци за постојната инфраструктура и обврските за ex post известување до Комисијата.

Со Дигиталната агенда на Европа поставена е амбициозна цел за развој на инфраструктурата на широкопојасниот интернет, врвен приоритет за 2013 и 2014 година е обезбедување на подобар и побрз широкопојасен интернет. Државните органи може да финансираат инвестиции во согласност со европските правила за државна помош. Усвојувањето на новите насоки се планира во јануари 2013 година.

*За повеќе информации на следните ЕУ линкови:*
http://ec.europa.eu/digital-agenda/
http://ec.europa.eu/competition/state_aid/modernisation/index_en.html
http://ec.europa.eu/competition/consultations/2012_broadband_guidelines/index_en.html